РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 04-310/11
14-04-2025 год
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и ,,Службен весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02), Записникот на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-310/9 од 10.04.2025 година и Финалната ранг листа и предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат бр.04-310/10 од 10.04.2025 година, Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

ОДЛУКА
за избор на прво рангиран кандидат по Интерен оглас бр. 01/2025

1. За работното место УПР 01 01 Г01 000 Самостоен референт архивар во Одделение за правни, општи работи и јавни дејности, по Интерен оглас бр.01/2025, се избра прво рангираниот кандидат Александра Лукароска од Кривогаштани.
2. По конечноста на Одлуката ќе се донесе Решение за унапредување на административен службеник.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за селекција за унапредување по Интерен оглас бр. 01/2025 формирана од Градоначалникот на Општина Кривогаштани со Решение бр. 04-310/7 од 07.04.2025 година по Интерен оглас бр.01/2025 за унапредување на административен службеник во Општина Кривогаштани, објавен на веб страната на Општина Кривогаштани и на веб страната на Агенција за администрација, на ден 27.03.2025 година спроведе административна селекција за што состави Записник бр. 04-310/8 од 10.04.2025 година по што се пристапи кон Интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите за напредување по Интерниот оглас бр.01/2025, за што се состави Записник бр. 04-310/9 од 10.04.2025 година и Финална ранг листа со предлог одлука за избор на прво рангиран кандидат бр.04-310/10 од 10.04.2025 година.

Согласно член 52 став 1 од Законот за административни службеници: ,,во рок од три дена од добивањето на предлогот секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар е должно да донесе одлука за избор,,

Градоначалникот на Општина Кривогаштани постапувајќи согласно наведените одредби донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против Одлуката може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација Скопје, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката, на интернет страната на Општина Кривогаштани.

Градоначалник
на Општина Кривогаштани
Николче Мискоски

Република Северна Македонија Општина Кривогаштани